| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Плодови на есента |
| **Содржина на денот** | Јаболко црвено |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Постојано миење на рацете со сапун и вода дома и во градинка. Разговор за важноста за миењето на плодовите пред да се конзумираат. |
| **Активности** | Пуштете музика во Вашиот дом и охрабрете го детето да танцува по ритмот на музиката и да се забавува.<br>Пејте ја ритмичката игра „Јаболко црвено" со текст:<br>"Јаболко црвено, ти што си горе<br>симни се подолу, те моли Боре.<br>Јас би те скинал, но уште сум мал<br>симни се подолу,зар не ти е жал."<br><br>Детето нека ја повторува неколку пати, за да може делумно да ја усвои. За целосно усвојување играјте имитативна игра „Береме овошје". Со рацете кренати детето нека бере овошје од гранки,а со телото наведнато и рацете надолу, нека го става во кошници. |